

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2008 ГОДИНА

Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 64 од Законот за Судски совет, на седницата одржана на 19.3.2009 година, го разгледа и го усвои следниот:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2008 ГОДИНА

## ВОВЕД

Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 64 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија до Собранието на Република Македонија поднесува годишен извештај за неговата работа. Со уставните амандмани XXVIII и XXIX („Службен весник на РМ“ бр.107 од 9.12.2005 година), Уставот на Република Македонија, Законот за судовите и посебно Законот за Судскиот совет на Република Македонија, Советот е дефиниран како самостоен и независен орган на судството, кој ја обезбедува и гарантира независноста и самостојноста на судската власт согласно со Уставот и законите. Вака дадената дефиниција прокламира дека Советот има статус на самостоен и независен орган на судството, значи орган со интегритет во вршењето на своите функции, со тоа што неговите членови уживаат имунитет за искажаното мислење или гласање. Исто така во остварувањето на своите надлежности е самостоен и независен од органите на законодавната и извршната власт или од која било институција, организација и партиски влијанија.

Втората димензија на самостоен и независен орган на судството се изразува во премисата дека тој орган не е надвор од уставно-правниот поредок и дека важат начелата на владеење на правото, заштита на човековите права и слободи и поделбата на државната власт на судска, законодавна и извршна, но и како баланс на трите власти во државата.

Во текот на извештајната 2008 година, Судскиот совет одржа 28 - дваесет и осум седници, со исцрпни дневни редови. Согласно со содржината на дневниот ред на поголем број седница им претходеле работни состаноци. Одлуките на седница Советот во најголем број случаи ги носеше со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот. На одржаните седници, покрај одлуките за избор и разрешување на судии, судии поротници и

претседатели на судови, одлуки по поведени постапки за утврдување одговорност на судиите, одлуки за одземање имунитет на судија и слично, од страна на Советот беа усвојувани и нормативните акти, како и други одлуки кои се од важност за непречено функционирање и остварување на надлежноста на Судскиот совет.

Согласно со член 64 став 3 од Законот за Судски совет на РМ, во Извештајот се содржани следните податоци:

1. БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ .. 4
2. ПОВЕДЕНИ И ЗАВРШЕНИ ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА ........ 9
3. КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО ........ 13
4. МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 16
5. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ ........ 22
6. ОЦЕНА ЗА СОРАБОТКАТА И ОДНОСИТЕ НА СУДОВИТЕ СО ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ ........ 27
7. ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО ........ 29
8. ОЦЕНА ЗА СОСТОЈБАТА ВО СУДСТВОТО ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ОСНОВНИТЕ СЛОБОДИ ........ 38

# БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ

Покрај другите надлежности, Судскиот совет на Република Македонија врши избор и разрешување на судии, судии поротници и претседатели на судови.

Во текот на 2008 година, Судскиот совет на Република Македонија врз основа на претходно донесени одлуки за огласување на упразнетите судиски места, односно по утврдената потреба за судиско место во сите судови во Република Македонија, на повеќе одржани седници спроведе избор на судии од пријавените кандидати на огласот што ги исполнуваат условите и критериумите предвидени со Законот. Одлуките за избор на судии Советот ги носеше на седници по спроведена расправа на која присуствуваа најмалку 2/3 од членовите на Советот, а за судија беше избран оној кандидат кој добил 2/3 гласови од вкупниот број членовите на Советот. Кога Советот избира судии и претседател на основен суд и апелационен суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, за судија е избран оној кандидат кој добил 2/3 гласови од вкупниот број членови на Советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Кога Советот избира претседател и судија на Врховниот суд на РМ, се одлучува согласно со член 42 од Законот за Судски совет, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Врз основа на вака утврдените критериуми со одлука на Судскиот совет на РМ во текот на 2008 година се избрани вкупно **89** судии. За основните судови од страна на Советот во текот на 2008 година се избрани вкупно 74 судии  и тоа: во ОС Битола – 5 судии, ОС Велес – 6 судии, ОС Виница – 2 судии, ОС Гевгелија – 1 судија, ОС Гостивар – 13 судии, ОС Кичево – 1 судија, ОС Кочани – 2судии, ОС Кратово – 1 судија, ОС Куманово – 4 судии, ОС Охрид – 4 судии, ОС Прилеп – 4 судии, ОС Ресен – 1 судија, ОС Свети Николе – 1  судија, ОС Скопје 1 Скопје – 12 судии, ОС

Скопје 2 Скопје – 9 судии, ОС Тетово – 3 судии и ОС Штип – 5 судии.

Исто така Советот изврши избор и на судии во повисоките судови, апелационите судови, Управниот суд и Врховниот суд на РМ. Така Советот во текот на 2008 година избра вкупно 15 судии за повисок суд и тоа: во Врховниот суд на РМ – 2 судии, Управниот суд – 4 судии, АС Битола – 3 судии, АС Гостивар 1 судија, АС Скопје – 4 судии, АС Штип – 1 судија.

| | **Суд** | **Бр. на избрани судии** |
|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | 2 |
| 2 | Управен суд на РМ | 4 |
| 3 | АС Битола | 3 |
| 4 | АС Гостивар | 1 |
| 5 | АС Скопје | 4 |
| 6 | АС Штип | 1 |
| 7 | ОС Берово | 0 |
| 8 | ОС Битола | 5 |
| 9 | ОС Велес | 6 |
| 10 | ОС Виница | 2 |
| 11 | ОС Гевгелија | 1 |
| 12 | ОС Гостивар | 13 |
| 13 | ОС Дебар | 0 |
| 14 | ОС Делчево | 0 |
| 15 | ОС Кавадарци | 0 |
| 16 | ОС Кичево | 1 |
| 17 | ОС Кочани | 2 |
| 18 | ОС Кратово | 1 |
| 19 | ОС Крива Паланка | 0 |
| 20 | ОС Крушево | 0 |
| 21 | ОС Куманово | 4 |
| 22 | ОС Неготино | 0 |
| 23 | ОС Охрид | 4 |
| 24 | ОС Прилеп | 4 |
| 25 | ОС Радовиш | 0 |
| 26 | ОС Ресен | 1 |
| 27 | ОС Св. Николе | 1 |
| 28 | ОС Скопје I Скопје | 12 |
| 29 | ОС Скопје II Скопје | 9 |
| 30 | ОС Струга | 0 |
| 31 | ОС Струмица | 0 |
| 32 | ОС Тетово | 3 |
| 33 | ОС Штип | 5 |
| | **Вкупно:** | **89** |

Од страна на Судскиот совет на РМ во текот на 2008 година се избрани вкупно 6 претседатели на судови од кандидатите кои доставиле пријава кон која се приложува и програмата за работа на судот во текот на мандатот за претседател. Со одлука на Советот избрани се претседатели во следните судови:

претседател на Врховен суд на Република Македонија, претседател на Апелационен суд Битола, претседател на Апелационен суд Штип, претседател на Основен суд Битола, претседател на Основен суд Дебар и претседател на Основен суд Кочани. Од избраните претседатели 4 се македонци, 1 е албанец, 1 е влав, од нив 5 се мажи и 1 е жена.

| Избрани Престедатели на судови од Судски совет на РМ | |
|---|---|
| | **Вкупно** |
| **Националност** | |
| Македонец | 4 |
| Албанец | 1 |
| Влав | 1 |
| **Пол** | |
| Машки | 5 |
| Женски | 1 |
| | |
| **Вкупно избрани:** | 6 |







Новина при изборот на судиите и претседателите на судовите согласно со Деловникот за работа на Судски совет член 18 став 3, е и спроведувањето интервју со сите кандидати за избор на судии како за основните, така и за повисоките судови и претседатели на судови, што се покажа како успешен критериум за објективна и квалитетна селекција при изборот. Воедно Советот особено се залагаше изборот на судиите и претседателите на судовите да го спроведува врз основа на критериуми предвидени во член 41 и член 44 од Законот за Судски совет на Република Македонија, при што се имаа предвид квалификациите, чесноста, стручната способност и ефикасноста на кандидатот.

При изборот на судиите исто така се водеше сметка да се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници. Така од вкупно избраните судии од

редот на македонците се избрани 65 судии, од редот на албанците се избрани 21 судија, од редот на србите е избран 1 судија, од редот на власите е избран 1 судија и бошњак 1 судија. Во однос на половата застапеност 51 од избраните судии се мажи, а 38 жени.

| Избрани судии од Судски совет на РМ | |
|---|---|
| | **Вкупно** |
| **Националност** | |
| Македонец | 65 |
| Албанец | 21 |
| Србин | 1 |
| Влав | 1 |
| Бошњак | 1 |
| **Пол** | |
| Машки | 51 |
| Женски | 38 |
| | |
| **Вкупно избрани:** | **89** |







Согласно со член 46 Закон за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60 од 15.05.2006 година), изборот и разрешувањето на судиите поротници по предлог на претседателот на надлежниот основен и апелационен суд го врши Советот. Со одлука на Судскиот совет на Република Македонија, согласно со член 44 став 2 од Законот за судовите и член 46 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија е утврден бројот на судиите поротници во сите основни и апелациони судови во Република Македонија, по претходно

прибавено мислење од седница на основните и апелационите судови, на вкупно 3611 судии поротници.

Во текот на 2008 година се донесени одлуки за избор, разрешување и престанок на функцијата судија поротник. Врз основа на доставени предлог листи од страна на претседателите на надлежните основни и апелациони судови, со одлуки на Советот, во текот на 2008 година се избрани вкупно 807 судии поротници за судовите во Република Македонија. При изборот на судии поротници Советот водеше сметка да се обезбеди соодветна правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници. Воедно се донесени одлуки со кои е утврден престанок на функцијата судија поротник поради истек на мандатот за кој се избрани и тоа за вкупно 324 судии поротници, за 432 судии поротници е утврден престанок на функцијата поради навршување на 60 години старост, на 7 судии поротници им е утврден престанок на функцијата по нивно барање, за еден судија поротник е донесена одлука за престанок поради сродство по права линија и за 9 судии поротници е утврден престанок на функцијата поради настапување на смрт.

## ПОВЕДЕНИ И ЗАВРШЕНИ ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА

Во надлежност на Судскиот совет е и да утврдува престанок на судиска функција, да го разреши судијата од вршење на судиската функција поради потешка дисциплинска повреда или поради  нестручно и несовесно вршење на судиската функција, да одлучи времено да го отстрани судијата од вршење на судиската функција,  одлучува за одземање на имунитет на судија и за одобрување за определување  мерка притвор на судија.

Судскиот совет постапките за утврдување на одговорност на судиите ги  водеше согласно со Уставот, законите и подзаконските акти во кои се инплементирани  надлежностите на Судскиот совет.

Постапката за утврдување одговорност на судијата е уредена со Законот за судовите, Законот за Судскиот совет на Република Македонија,  Правилникот за начинот и постапката за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција и Правилникот за постапката за дисциплинска одговорност на судиите.

Во текот на **2008 година**, се поведени вкупно **14** постапки за нестручно и несовесно вршење на судиската функција и **4** дисциплински постапки, што значи севкупно се поведени **18** постапки за утврдување одговорност на судиите во вршењето на судиската функција.

Постапки за утврдување на одговорност на судија, поведени врз основа на поднесено барање за утврдување одговорност на судија во текот на  2007 година, а завршени во текот на 2008 година со одлука на Советот со која се утврдува престанок на судиската функција се вкупно 9 . Од нив во 8 постапки е утврдено нестручно и несовесно вршење на судиската функција, а во една е утврден престанок на судиската функција по сопствено барање. Ваквите одлуки се правосилни, односно потврдени со Одлука на Советот формиран во Врховниот суд на РМ за одлучување по жалбите против решенијата на Судскиот совет.

Од поведените постапки во текот на 2008 година 11 постапки се се уште во тек, и се поведени во средината или кон крајот на 2008 година. Имено, истите се или во жалбена постапка или по донесената одлука за поведување постапка на седница на Советот, од страна на формираните Комисии од редот на членовите на Советот се преземаат соодветни дејствија согласно со Законот и Правилникот за водење на постапката, врз основа на кои се подготвуваат извештаи со предлог за донесување одлуки. При водењето на постапките во целост се почитува угледот и достоинството на судијата против кого се води постапката, истите се итни и од доверлив карактер.

Поведените постапките најчесто се по барање поднесено од страна на членови на Советот, како и од страна на претседател на суд. Во барањето се наведуваат причините за основаноста за поведување постапка како и се доставуваат докази врз кои се заснова барањето. Од спроведената анализа на досега поведените и завршените постапки за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција, се констатира дека постапките се водени и одлуките за разрешување на судијата се донесени најмногу согласно со член 75 став 1 алинеја 1, 2 и 8 од Законот за судовите.

Две од поведените постапки за нестручно и несовесно вршење на судиската функција се запрени, бидејќи од страна на судијата во текот на постапката е поднесено барање за престанок на судиската функција согласно со член 73 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите и член 47 став 1 точка 1 од Законот за Судскиот совет на РМ.

Во една постапка е донесена одлука за разрешување од функцијата претседател на суд поради нестручно и несовесно вршење на функцијата претседател на суд согласно со член 79 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите.

Во две постапки е поведена постапка за нестручно и несовесно вршење на судиската функција и функцијата претседател на судот согласно со член 75 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите. Во една од нив е донесена одлука за разрешување од функцијата претседател и од функцијата судија, додека во другата во текот на постапката е утврден престанок на функцијата претседател на судот по сопствено барање, а со одлука на Советот е запрена постапката за утврдување нестручно

и несовесно вршење на судиската функција, бидејќи не е утврдена одговорност во вршењето на судиската функција.

Од поведените постапки за нестручно и несовесно вршење на судиската функција во текот на 2007 и 2008 за 8 судии е донесена одлука за запирање на постапката. Како причини за запирање на постапката се следниве: во еден случај од причина што предлог одлуката на Комисијата за разрешување на судијата не го доби потребното мнозинство, во еден случај е тоа што во меѓувреме судијата ги исполнил условите за остварување на правото за старосна пензија, во два случаи не е најден законски основ за поведување на постапката, а во останатите случаи бидејќи не е утврдена одговорност на судијата согласно со законот.

Од вкупно поведените дисциплински постапки во една постапка е донесена одлука за изрекување дисциплинска мерка за утврдена дисциплинска одговорност на судијата и тоа намалување на платата во висина од 15 % во траење од 3 месеци, согласно со член 76 став 1 точка 2 од Законот за судовите. Останатите поведени дисциплински постапки се уште не се завршени, односно се во фаза на преземање одредени дејствија од страна на Комисијата.

| | |
|---|---|
| Поведени постапки за нестручност и несовесност во текот на 2008 | 14 |
| Поведени дисциплински постапки во текот на 2008 | 4 |
| Се вкупно поведени постапки во 2008 | 18 |

| | |
|---|---|
| Разрешени судии по поведени постапки во 2007, а завршени во 2008 | 8 |
| Оставки поднесени по претходно поведени постапки во 2007 и 2008 | 2 |
| Запрени постапки од 2007 и 2008 | 8 |

| | |
|---|---|
| Се вкупно завршени постапки | 23 |
| Се вкупно постапки во тек | 23 |

Согласно со член 59 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, Советот може времено да отстрани судија од вршење судиска функција кога е поведена постапка за утврдување одговорност на судијата, согласно со Законот.

Во текот на постапката за утврдување одговорност на судијата во 10 случаи се донесени и Одлуки за времено

оддалечување од вршење на судиската функција до правосилно окончување на постапката согласно со член 67 од Законот за судовите и член 13 од Правилникот за постапката и начинот на утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Воедно во текот на 2008 година се донесени и одлуки за престанок на судиската функција по други основи и тоа 6 по сопствено барање, на 15 судии им е утврден престанок на судиската функција поради исполнување услови за старосна пензија, во 3 одлуки поради настапување на смрт, како и во еден случај поради избор на судијата на друга функција.

Судскиот совет во текот на 2008 година донел една одлука за одземање на имунитетот на еден судија согласно со член 65 од Законот за судовите. До Судскиот совет беше поднесено и едно барање за одобрување притвор за тројца судии од страна на истражен судија на судот, по кое Советот донесе одлука со која не се одобри притвор против судиите.

## КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО

Согласно со член 44 од Законот за судовите и член 31 алинеја 12 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, во текот на 2008 година Судскиот совет донесе одлуки за зголемување на бројот на судиите во неколку судови. Одлуките Советот ги донесе по претходно прибавено мислење од Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија и мислење од седница на судиите на соодветниот суд. При донесувањето на одлуката со која го утврди бројот на судиите во Врховниот суд на РМ, апелационите судови и основните судови, Советот водеше сметка да се примени најсоодветен метод за ажурно функционирање на судовите. На тој начин беше зголемен бројот на судиите во следните судови: на седницата на Советот одржана на 31.03.2008 година е донесена одлука за зголемување бројот на судиите во Врховниот суд на Република Македонија за двајца судии, со што бројот на судиите во Врховниот суд на Република Македонија се утврди на 23 судии, вклучувајчи го и претседателот на судот, на седницата на Советот одржана на 10.10.2008 година е донесена одлука за зголемување бројот на судиите во Апелациониот суд Битола за тројца судии, со што бројот на судиите во Апелациониот суд Битола се утврдува на 24 судии, вклучувајчи го и претседателот на судот, на седницата на Советот одржана на 27.11.2008 година се донесени одлуки за зголемување бројот на судиите во Управниот суд за тројца судии, со што бројот на судиите во Управниот суд се утврдува на 25 судии, вклучувајчи го и претседателот на судот, во Апелациониот суд Скопје за тројца судии, со што бројот на судиите во Апелациониот суд Скопје се утврдува на 49 судии, вклучувајчи го и претседателот на судот, во Апелациониот суд Штип за двајца судии, со што бројот на судиите во Апелациониот суд Штип се утврдува на 17 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот и во Основниот суд Скопје 1 – Кривичен суд за тројца судии, со што бројот на судиите во Основниот суд Скопје 1 – Кривичен суд се утврдува на 73 судии, вклучувајчи го и претседателот на судот.

Со ова вкупниот број на судиски места во судовите во Република Македонија е утврден на 696 судиски места, од кои според состојбата во текот на 2008 година пополнети судиски

места се 661, а непополнети судиски места се 35**.** Непополнетите судиски места се во Врховниот суд на Република Македонија – 2 судиски места, Управниот суд на РМ – 3 судиски места, АС Битола – 5 судиски места, АС Скопје – 4 судиски места, АС Штип – 3 судиски места, ОС Велес – 1 судиско место, ОС Виница – 1 судиско место, ОС Гевгелија – 1 судиско место, ОС Дебар – 1 судиско место, ОС Кичево – 1 судиско место, ОС Кочани – 1 судиско место, ОС Куманово – 3 судиски места, ОС Неготино – 1 судиско место, ОС Прилеп – 1 судиско место, ОС Скопје 1 Скопје – 4 судиски места, ОС Скопје 2 Скопје – 1 судиско место и ОС Тетово – 1 судиско место. Во бројот на пополнети судиски места е вклучен и бројот на судии на кои им мирува судиската функција.

Од аспект на капацитетот на човечките ресурси кои треба да го направат судството поефикасно и поквалитетно, состојбата е следна.

Во споредба во 2004 година, судиската функција ја извршувале 630 судии, во 2005 година 672 судии, во 2006 година 660 судии, во 2007 година 632 судии (зедно со новиот број на судии во Управниот суд и Апелациониот суд Гостивар).

- Во 2004 година вкупно се завршени 723.605 предмети;
- Во 2005 година вкупно се завршени 864.983 предмети;
- Во 2006 година вкупно се завршени 860.844 предмети;
- Во 2007 година вкупно се завршени 790.443 предмети.
- Во 2008 година вкупно се завршени 780.041 предмети.

Бројот на вкупно вработените (судии, стручни, администрација) се движи:

- 2004 година, 2.854;
- 2005 година, 2.621;
- 2006 година, 2.721;
- 2007 година, 2.793;
- 2008 година, 2.915.

Овие податоци се важни за да можеме реално да ги оцениме капацитетите во човечките ресурси со нивниот статус и материјална состојба, како би можеле да заклучиме дали судовите во Република Македонија имаат капацитет да ја спроведат реформата и да воспостават европски стандарди на

времето потребно за пресудување, односно да го обезбедат правото на судење во разумен рок.

Во однос на кадровската состојба во судството треба да се истакне потребата, односно недоволниот број на стручни соработници и советници во судовите, непополнетите работни места за административни работници, лошата материјална состојба и услови за работа во некои судови, како и преоптовареноста со работа во поголемите основни судови. Во рамките на реформите на судскиот систем, Судскиот совет се залага и ги поддржува активностите за надминување на ваквите состојби, особено настојувањето секој судија да има свој стручен соработник, а се со цел за зголемување на ажурноста и ефикасноста на судовите, како и зајакнување на човечките ресурси и правичната застапеност на припадниците на заедниците во институциите.

Во овој дел се јави потреба од спроведување анализа за утврдување на критериумите за бројот на вработените во судовите согласно со Законот за судовите, потоа анализа на потребите и критериумите за утврување бројот на судиите (нивно зголемување или намалување), врз основа на која би се согледала реалната состојба на обемот на работа на судот и ангажманот на судијата. Исто така потребна е и анализа за утврдување бројот на слободните места за судии во основните судови за почетна обука за судии во Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

# МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Почетниот буџет за судската власт за 2008 година беше недоволен за остварување на основната функција на судовите.

Со ребалансот на буџетот за 2008 година, дополнително е ублажена состојбата од недостаток на средства за категорија тековни расходи. Во текот на годината се преземени низа активности со одлуки на Судскиот буџетски совет заради ублажување на состојбата во тековните расходи на судовите.

Показателите за реализација на буџетот збирно и по одделни категории, укажуваат на голем степен на искористеност на одобрените ставки, односно реализација на вкупниот буџет од 99,12%. Вака високиот процент на искористеност укажува дека Одлуките на Судскиот буџетски совет за пренамени на средства по категории како и распределбата на средствата (буџетите) по одделни единки корисници биле извршени реално, наменски, согласно со потребите на единките корисници и во насока на намалување на нереализираните обврски на судската власт.

Заклучно со 31.12.2008 година, износот на вкупниот долг на судската власт изнесува 28.613.200,00 денари, споредбено со 31.12.007 година кога долгот изнесувал 52.014.187,00 денари.

Ако се земе предвид структурата на заостанатите нереализирани обврски на судовите по ставки, најголемите долгови се однесуваат на:

- ставката за комунални услуги во износ од 7.913.690,00 денари;
- ставката за договорни услуги (преводи, судски вештачења, договорни услуги и слично), со заостанати обврски во износ од 16.063.182,00 денари.

Во текот на 2008 година во судската власт успешно се реализираше НПАА програмата (Програма за усогласување со европското законодавство). Вкупно се одобрени 126 нови

вработувања и за истите се обезбедени согласности од Министерството за финансии. Овие вработувања се во насока на зајакнување на кадровските ресурси во судството.

Во рамките на Проектот на Светска банка за правна и правосудна инплементација и институционална поддршка, во текот на 2008 година е завршено реновирањето и проширувањето на канцеларискиот простор на Судскиот совет на РМ и 11 судови со проширена надлежност. Во рамките на Годишната програма за инвестирање во судовите за 2008 година, покрај другото, беа реализирани неколку значајни проекти: продолжување на надградбата на АС Гостивар, промена на прозорците во неколку суда, обезбедување пристап за хендикепирани лица до судските згради, едношалтерски систем, електронска евиденција на работно време и слично.

Во текот на 2008 година успешно беше спроведена анкета за мерење на задоволството на граѓаните од работењето на основните судови. Процентот на севкупното задоволство на јавноста од работата на судовите изнесува 78% што упатува на висок квалитет на услугите што ги даваат судовите.

## Судски буџет (без Академија)

| | | **буџет 2008** | **Ребаланс буџет 2007** | **Ребаланс буџет 2008** |
|---|---|---|---|---|
| **плати** | 1.076.244 | 1.269.895 | 1.101.240 | 1.292.659 |
| **тековни трошоци** | 146.327 | 156.709 | 237.685 | 251.709 |
| **тековни трансфери** | 5.000 | 15.000 | 15.042 | 15.000 |
| **капитални расходи** | 50.000 | 50.000 | 50.000 | 50.000 |

## Судски буџет (со Академија)

| | **буџет 2007** | **буџет 2008** | **Ребаланс буџет 2007** | **Ребаланс буџет 2008** |
|---|---|---|---|---|
| **плати** | 1.082.294 | 1.276.736 | 1.106.150 | 1.299.500 |
| **тековни трошоци** | 172.867 | 176.000 | 260.825 | 276.000 |
| **тековни трансфери** | 5.000 | 1.000 | 15.042 | 15.000 |
| **капитални расходи** | 54.000 | 51.000 | 54.000 | 51.000 |

## Судски буџет за судови 2007-2008









Во однос на ребалансот за 2008 година, Буџетот на судската власт за 2009 година, во делот кој обезбедува нормално функционирање на судовите е намален за 15%. Оттука, произлегува дека и буџетот за 2008 година покажува дека судовите во Република Македонија ќе се соочат со потешкотии во сервисирањето на обврските за 2009 година.

**Судскиот совет на Република Македонија**, како единка корисник од втора линија, за своето работење финансиските средства ги добива единствено од Буџетот на Република Македонија, преку Судскиот буџетски совет.

Бројот на вработени во текот на 2008 имаше флуктуирачки карактер и се движеше по нагорна линија, со тоа што до крајот на годината стручната служба се докомплетира со уште 8 нови вработени од кои 6 - вработени со звање државен советник и двајца вработени со средна стручна подготовка, така што бројот на сите вработени на крајот на годината изнесува 34, од кои 13 се функционери - членови на Советот.

За остварување на работите од својот делокруг, утврдени со амандманите од Уставот на Република Македонија и Законот за Судскиот совет, во изминатата фискална година имаше реализација на финансиски средства при што се испочитувани принципите на рационално, ефикасно и строго наменско трошење.

**Преглед на финансиски средства по расходни конта за 2008 год.**

| | Расходни конта | Финансиски средства (денари) | процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Вкупно средства добиени од Буџетот на РМ | 30.830.149,00 | **100** |
| 2 | Потрошени средства-остварени расходи | 30.646.576,00 | **99.4** |
| 3 | Добиени, а непотрошени средства во износ | 183.573 | **0.6** |

**Забелешка**: Нереализираните средства најмногу се од потставка 420110 - патни и дневни расходи во износ од 91.330,00 денари.

**Потрошените средства се за следните расходи:**

| | Расходни конта | Финансиски средства (денари) |
|---|---|---|
| 1 | Основни плати, храна, превоз и персонален данок | 18.070.971,00 |
| 2 | Придонеси за ПИО, здравство, вработување | 7.883.356,00 |
| 3 | Останати придонеси - за водоснабдување | 48.337,00 |
| | **Вкупно за плати и надоместоци** | **26.002.664,00** |

| | Расходни конта | одобрени | реализирани | остаток |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Дневници за службен пат | 367.166,00 | 275.835,00 | 91.330,00 |
| 5 | Пошта, телефон, бензин | 1.584.760,00 | 1.538.944,50 | 45.816,00 |
| 6 | Канцел. материјал, весници средства за хигиена и др. | 662.100,00 | 656.406,00 | 7.707,00 |
| 7 | Поправка на кола, одржување на софтвер и опрема | 419.705,00 | 395.740,00 | 49.476,00 |
| 8 | Договор на дело, привр. враб, копирање, оглас за избор судии | 301.753,00 | 291.490,00 | 17.183,00 |
| 9 | Расходи за репрезентација и др. вонредни расходи | 145.778,00 | 139.775,50 | 6.003,00 |
| 10 | Судски решенија и јуб. награди | 1.346.223,00 | 1.346.223,00 | 500,00 |
| | **Вкупно** | **4.827.485,00** | **4.643.912,00** | **183.573,00** |

Во март 2008 се пушти во употреба деловниот простор отстапен на користење на Судскиот совет, со Одлука на Владата на Република Македонија, за чие опремување со канцелариски мебел се набавени основни средства во износ од околу 3.500.000,00 ден., за кои финансиските средства беа обезбедени од страна на Светската банка и Министерството за правда, со тендерска постапка.

Судскиот совет согласно со член 55 став 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ 58/2006), во текот на годината

сукцесивно пристапи кон набавка на 93 судски легитимации за судиите за што беа потрошени финансиски средства во износ од 134.651,00 денари. Исто така во септември и октомври беа организирани и спроведени избори за член на Советот од редот на судиите од Битолското апелационо подрачје, за што финансиски средства беа обезбедени со Одлука на Владата на Република Македонија од тековните резерви.

Врз основа на донесената Годишната програма за инвестирање во судовите бр.01-228/1 од 04.03.2008 година, со Решение за обезбедување финансиски средства за капитални набавки на судовите за 2008 година, од страна на Судскиот буџетски совет за потребите на Судскиот совет, се обезбедени средства на потставка 483/483290-за набавка на микрофони за потребите во салата за седници во износ од 60.00,00 денари, и набавка на телефонски апарати во износ од 40.000,00 денари.

Во изминатата година врз основа на донесената Измена на Годишната програма за инвестирање во судовите бр.01-1033/80 од 12.11.2008 година, со Решение за дополнителна распределба на финансиски средства за капитални расходи на судовите за 2008 година, од страна на Судскиот буџетски совет за потребите на Судскиот совет се обезбедија средства во износ од 725.780,00 денари, за потставките 483/483240-купување на информатичка и видео опрема, 483/483210-купување на канцелариска опрема-промена на теписони, 482/482920-изработка на решетка за ладилен агрегат и 481/481230-за молерисување на просториите каде се сместени членовите на Судскиот совет. Сите овие набавки се извршени со спроведување постапка за јавни набавки, согласно со Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр. 136/07), со прибирање на понуди без објавување оглас, со оглед на тоа што проценетата вредност на наведените набавки поединечно не е поголема од 5000 евра во денарска противвредност.

# ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ

Советот е надлежен да постапува по претставките и поплаките на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите.

Од извршената анализа на податоците во текот на извештајната година интезитетот на прилив на претставки од страна на граѓаните и институциите кои укажуваат на незаконито работење на судиите и судовите во Република Македонија го следи трендот од 2007 година.

Имено, на почетокот од 2008 година вкупно во работа имало 1613 претставки, од нив 695 се префрлени од претходната година. По сите претставки е постапено со тоа што се завршени 1419 претставки, а во работа останале 194 претставки.

**Поднесени претставки по суд**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | ОС Берово | **19** | **1,1 %** |
| 2 | ОС Битола | **136** | **7,7 %** |
| 3 | ОС Велес | **63** | **3,5 %** |
| 4 | ОС Виница | **7** | **0,4 %** |
| 5 | ОС Гевгелија | **55** | **3,1 %** |
| 6 | ОС Гостивар | **62** | **3,5 %** |
| 7 | ОС Дебар | **4** | **0,2 %** |
| 8 | ОС Делчево | **24** | **1,4 %** |
| 9 | ОС Кавадарци | **68** | **3,8 %** |
| 10 | ОС Кичево | **65** | **3,7 %** |
| 11 | ОС Кочани | **30** | **1,7 %** |
| 12 | ОС Кр. Паланка | **27** | **1,5 %** |
| 13 | ОС Кратово | **21** | **1,2 %** |
| 14 | ОС Крушево | **5** | **0,3 %** |
| 15 | ОС Куманово | **105** | **5,9 %** |
| 16 | ОС Неготино | **25** | **1,4 %** |
| 17 | ОС Охрид | **53** | **3,0 %** |
| 18 | ОС Прилеп | **75** | **4,2 %** |
| 19 | ОС Радовиш | **33** | **1,9 %** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 | ОС Ресен | **16** | **0,9 %** |
| 21 | ОС Скопје 1 | **104** | **5,9 %** |
| 22 | ОС Скопје 2 | **318** | **17,9 %** |
| 23 | ОС Струга | **29** | **1,6 %** |
| 24 | ОС Струмица | **80** | **4,5 %** |
| 25 | ОС Св. Николе | **15** | **0,8 %** |
| 26 | ОС Тетово | **62** | **3,5 %** |
| 27 | ОС Штип | **100** | **5,6 %** |
| 28 | АС Битола | **33** | **1,9 %** |
| 29 | АС Гостивар | **3** | **0,2 %** |
| 30 | АС Скопје | **61** | **3,4 %** |
| 31 | АС Штип | **42** | **2,4 %** |
| 32 | УС Скопје | **16** | **0,9 %** |
| 33 | ВС Р.М. | **19** | **1,1 %** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно:** | **1775** |




Како подносители на претставките се јавуваат физички лица, правни лица, група граѓани, здруженија на граѓани, сојузи, адвокати, државни органи, а исто така и претставки и поплаки од анонимни подносители. Ова не значи дека Судскиот совет не постапувал и по анонимните претставки, туку напротив ги испитуваше наводите и во тие претставки и преземеше дејствија по истите доколку оценеше дека се основани.

| Класификација на претставките по подносител | |
|---|---|
| 1. Физички лица | |
| Вкупно: | 1416 |
| 2. Правни лица | |
| АД | 49 |
| Доо | 52 |
| Дооел | 68 |
| ЈП | 1 |
| Други | 0 |
| Вкупно: | 170 |
| 3. Невладини организации и непрофитабилни здруженија на граѓани | |
| Вкупно: | 26 |
| 4. Државни институции (препратено на надлежност) | |
| Влада на РМ | 3 |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | 18 |
| Јавно обвинителство | 27 |
| Министерство за правда | 206 |
| Народен правобранител | 13 |
| Собрание на РМ | 0 |
| Вкупно: | 267 |
| 5. Анонимни | |
| Вкупно: | 35 |




Основ за поднесување на претставките е одолжувањето на постапките, поради неажурност и неекономичност на постапката, незакажување на расправа или претрес, ненавремено изготвување на одлуките, неизвршување на правосилни судски одлуки и други одлуки кои имаат својство на извршни исправи, ненавремено доставување на обжалените одлуки до повисоките судови и слично.

Во случај кога од наводите во поднесените претставките од физички и правни лица произлегуваше дека Советот не е

надлежен, на подносителите им беше одговорено дека не се најдени основи за постапување на Судскиот совет во рамките на неговите надлежности предвидени со Устав и Закон, со поука кој е надлежен за евентуално постапување (Основно јавно обвинителство, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Јавно правобранителство и слично).

За поефикасно, квалитетно и ажурно следење на работата на судовите, согласно со член 12 од Деловникот за работа на Судскиот совет беше изготвен распоред за работа со кој се утврди кои членови на Советот за кои судови ќе ја следат работата, притоа водејки сметка да не биде распореден член на Советот во судот од кој произлегува.

Поради сериозноста на претставките членот на Судскиот совет определен за координатор за следење на работата на соодветниот суд доколку оцени дека наводите во претставките поднесени од граѓаните и правните лица за работата на судијата по конкретен предмет на соодветниот суд укажуваат на незаконитост во работењето на судијата, врши увид во предметот и по потреба се остваруваат работни средби во судот.

Претставките најчесто се повод од страна на членовите да се изврши увид во работата на судиите со цел да се приберат податоци релевантни за оценка на стручноста и совесноста во постапувањето на судиите. Ова значи дека врз основа на наводите во претставките, од страна на Судскиот совет може да се иницира постапка за утврдување на стручноста и совесноста во вршењето на судиската функција на судиите.

Судскиот совет настојува ажурно да постапува по доставените претставки, но во извршувањето на работите од својот делокруг Судскиот совет е зависен од брзината на добивањето одговори од судовите и другите институции до кои се обраќа, а без кои не е можно решавање на претставката.

Меѓутоа и покрај недостатокот на логистика во смисла на голем број непополнети работни места во Советот, согласно со систематизацијата од редот на стручно-административните работници, Советот објективно, неселективно и ажурно постапуваше по претставките и предметите, како во однос на подносителот така и во однос на проблемот или лицата за кои тие

се однесуваа, со што дава свој придонес за зајакнување на довербата на граѓаните во судството.

# ОЦЕНА ЗА СОРАБОТКАТА И ОДНОСИТЕ НА СУДОВИТЕ СО ДРУГИТЕ ПРАВОСУДНИ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

Во остварувањето на соработката и односите со судовите особено би требало да се истакне дека членовите на Судскиот совет како координатори на судовите остваруваа редовни работни посети на судовите, преку кои ги согледуваа состојбите во соодветниот суд и тековните проблеми, и во рамките на своите надлежности потоа преземаат соодветни активности заедно со претседателите на судовите за нивно надминување.

Неспорна е соработката на Судскиот совет на Република Македонија со другите правосудни органи и органите на законодавната и извршната власт. Ваквата соработка произлегува од потребата на Судскиот совет да може непречено да ја врши својата функција предвидена во Законот за Судскиот совет на Република Македонија.

Како успешна се оценува соработката помеѓу Судскиот совет на Република Македонија и Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Јавното правобранителство, Народниот правобранител, а во врска со доставените претставки од страна на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите. Честопати се јавува потреба од прибавување информации од Министерство за внатрешни работи, Јавното правобранителство и Јавното обвинителство, заради постапување по одредена претставка, а со цел за правилно одлучување по истата.

Судскиот совет на Република Македонија соработува со Академијата за обука на судии и обвинители којашто соработка произлегува од законските одредби во Законот за Академија за обука на судии и обвинители („Службен весник на Република Македонија“ бр.13 од 1.2.2006 година) претседателот на Судскиот совет на Република Македонија по функција е член на Управниот одбор на Академијата и во рамките на својата функција учествува во работата на Управниот одбор.

Соработката помеѓу овие две институции се состои и во тоа што Управниот одбор ја конституира Комисијата за квалификација и прием на кандидати која е составена од 7 члена, така што за 4 (четири) члена предлог дава Судскиот совет на Република Македонија. Согласно со предвидената почетна обука за кандидатите со времетраење од 15 месеци, во која обука е опфатена и практичната обука во суд, односно обвинителство под менторство на судии и обвинители во траење од десет месеци, Судскиот совет на Република Македонија определува ментори од редот на судиите по чии насоки и упатства работат кандидатите во текот на практичната обука за судии и јавни обвинители. Предвидено е и дека откако кандидатот посетувал почетна обука потребно е да полага и завршен испит, за што се формира Комисија за завршен испит составена од 7 член а која се конституира од страна на Управниот одбор на Академијата, од кои 4 члена се предлог на Судскиот совет на Република Македонија. Притоа Комисијата за завршен испит има обврска да ја достави ранг-листата до Управниот одбор на Академијата, а пак Управниот одбор има обврска истата да ја достави до Судскиот совет на Република Македонија. Од страна на Академијата веќе е доставена ранг листата на првата генерација кандидати за судии и јавни обвинители кои ја завршија почетната обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители во академската 2007-2008 година, согласно со која треба да се изврши и избор на овие кандидати за судии и јавни обвинители.

Во делот на развојот на соработката со судовите и другите институции Судскиот совет особено води сметка за транспарентноста и јавноста при реализација на активностите од надлежност на Советот, како и градење на професионални кодекси во остварувањето на односите со јавноста, заштита на доверливите информации, а со тоа и угледот и достоинството на судиите.

# ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО

Судски совет, согласно член 31 алинеја 5 и 13 од законот за Судски совет на Република Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, како и да ги разгледува тромесечните и годишните извештаи за работата на судиите а со тоа и работата на судовите.

Судскиот совет на Република Македонија согласно со член 31 став 1 алинеја 5 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, на 7.2.2008 година го донесе Правилникот за постапката и критериумите за следење и оценување на работата на судиите. При изготвувањето на Правилникот свој придонес и активно учество зеде и Здружението на судии. Со Правилникот се уредени правилата, критериумите, како и постапката и целите за следење и оценување на квалитетот на работењето на судиите. Согласно со Правилникот оценката за работењето на судијата се врши врз основа на квалитативни и квантитативни критериуми, вклучувајќи го и оценувањето на работата на претседателот на судот. Воедно со Правилникот се утврдени и методите како и постапката за оценување која ја спроведува Судскиот совет на РМ. Постапувајќи согласно со Правилникот Судскиот совет изготви образци за следење и оценување на работата на судиите, заедно со Упатство за начинот на нивно пополнување, кои беа усвоени од страна на Советот со одлука донесена на седницата одржана на 26.8.2008 година. По нивното усвојување од страна на Советот во соработка со Здружението на судии беа организирани повеќе средби и јавни расправи со претседателите, судиите и стручно-административните работници на судовите од основна и проширена надлежност, заради едукација за пополнување на образците. При тоа на практичен начин беше презентирана содржината на образците со објаснување на начинот на пополнување, кој покрај табеларниот дел содржи наративен дел кој го пополнуваат судиите и се одговорни за вистинитоста на податоците. Во наративниот извештај се

пополнуваат податоци за пречекорување на законскиот рок за закажување на расправи и претреси и изработка на писмена судска одлука, менторство, едукација, учество на семинари, објавени трудови и други активности. При тоа беше констатирано дека образецот содржи доволно статистички и аналитички податоци врз основа на кои преку квалитативните и квантитативните критериуми ќе може објективно да се оценува работата на судиите. По презентацијата и јавните расправи, од страна на судовите до Советот беа доставени сугестии и предлози за доработка на образците. Исто така беа определени и пилот судови од основна и проширена надлежност, од кои до Советот беа доставени првите пополнети табели како пробни проекти. Врз основа на забелешките од судовите и првичните резулатати добиени со пополнување на образците, се пристапи кон нивна доработка и дополнување согласно со констатираните состојби. Согласно планираните активности, Советот постапувајќи врз основа на Правилникот, во април 2009 година ќе го изврши првото оценување на судиите според податоците добиени од извештаите на секој суд во Република Македонија.

Како важна активност која произлезе со донесувањето и примената на Правилникот и образецот за оценка на работата на судиите, беше утврдувањето на орентационата норма за судиите. За таа цел беше формирана работна група во која активно учество земаат претставници од Здружението на судии, претставници на Судскиот совет а сето тоа поддржано и од ОБСЕ со свои овластени претставници. Како дел од работната група со свое учество и придонес се вклучени и претседателот на Судскиот совет на РМ и претседателот на Врховниот суд на РМ. Работната група сеуште ги остварува своите активности се до конечното утврдување на орентационата норма за судиите, која треба да биде усвоена на Општа седница на Врховниот суд на РМ.

Соглано со член 64 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, годишниот извештај содржи и оцени за работата на судиите во Република Македонија во однос на квалитетот и ажурноста на нивната работа, како и други прашања во врска со остварувањето на независноста и самостојноста на судството.

Имено, во согласност со наведената законска одредба, Судскиот совет на Република Македонија изготви извештај за работата на Врховниот суд на РМ, Управниот суд, апелационите и

основните судови во Република Македонија и тоа за прво, второ , трето и четврто тромесечје од 2008 година, како и извешти за цела 2008 година.

**Врховниот суд на РМ** во текот на 2008 година постапувал по вкупно 4.166 предмети од сите видови од својата надлежност, од нив стари преземени предмети од претходната година се 1.612 предмети, а новопримени се 2.544 предмети. Во текот на 2008 година вкупно се решени 2.821 предмет, а нерешени останале 1.335 предмети од сите основи. Во 2008 година заостатокот од 2007 година е намален за 277 предмети.

**Управниот суд** започна со работа на 5.12.2007 година, со преземање на нерешените предмети од управната област, од Врховниот суд на Република Македонија. Во текот на 2008 година, во Управниот суд се оформени 8.497 нови предмети по различни основи, така што имајќи ги предвид и 5.804-те нерешени предмети од минатата извештајна година, вкупно во работа во судот имало 14.301 предмет, од кои 5.147 се решени, а останале нерешени 9.154 предмети, со што е совладан годишниот прилив на предмети, а заостатокот е намален за 3.350 предмети.

Во **Апелациониот суд Скопје** во 2008 година, од сите видови предмети во судот вкупно во работа имало 19.412 предмети, од кои 2.220 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 17.192 предмет се новопримени. Од вкупниот број на предмети во работа судот решил 16.668 предмети, а останале нерешени 2.744 предмети. Во однос на бројот на незавршени предмети на крајот на годината останале 2.744 незавршени предмети, што е за 524 предмети повеќе во однос на предходната година.

Во **Основниот суд Скопје I Скопје** во 2008 година, од сите видови предмети во судот вкупно во работа имало 196.126 предмети, од кои 96.253 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 99.873 предмет се новопримени. Од вкупниот број на предмети во работа судот решил 134.009 предмети, а останале нерешени 62.117 предмети. Од наведеното произлегува дека овој суд успеал да го совлада приливот на предмети за 552 предмети, а заостатокот е намален за 34.136 предмети.

Во **Основниот суд Скопје II Скопје** во 2008 година во работа имало вкупно 608.654 предмети, од кои 495.037 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 116.718 предмети се новопримени, од вкупниот број во работа судот решил 92.730 предмети, а останале нерешени 515.924 предмети. Разликата во вкупниот број на пренесени предмети како нерешени од 2007 година и новопримени предмети во 2008 година се јавува како резултат на грешка во годишниот извештај од 2007 година при евидентирање на платните налози.

Во **Основниот суд Велес** во 2008 година, имало вкупно 55.060 предмети, од кои 33.054 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 23.092 предмети се новопримени. Од вкупниот број на предмети во работа судот решил 27.149 предмети, а останале нерешени 27.911 предмет. Разликата во вкупниот број на пренесени предмети како нерешени од 2007 година и новопримени предмети во 2008 година се јавува како резултат на грешка во годишниот извештај од 2007 година при евидентирање на прекршочните предмети.

**Основниот суд Куманово** во 2008 година имал вкупно 82.659 предмети, од кои 60.545 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 22.465 предмети се новопримени. Од вкупниот број на предмети во работа судот решил 38.562 предмети, а останале нерешени 44.097 предмети. Во однос на претходната година кога обемот на работата изнесувал 97.083 предмети, во извештајната 2008 година вкупниот број на предмети во работа е намален за 14.424 предмети. Приливот од 22.465 предмети е совладан за 16.097 предмети, бидејки се решени 38.562 предмети.

Во **Основниот суд Кавадарци** во 2008 година, во работа имал вкупно 23.682 предмети, од кои 12.061 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 11.621 предмети се новопримени. Од вкупниот број на предмети во работа судот решил 17.294 предмети, а останале нерешени 6.388 предмети. Во споредба со претходната година, вкупниот обем на работа на судот е намален за 16.373 предмети. Примени се 7.639 предмети помалку, а решени се 10.700 предмети помалку во однос на 2007 година. Во 2008 година совладан е годишниот прилив на предмети а заостатокот од 2007 година е намален за 5.673 предмети.

**Основниот суд Неготино** во 2008 година во работа имал вкупно 20.634 предмети, од кои 15.168 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 5.466 предмети се новопримени. Од вкупниот број на предмети во работа судот решил 7.999 предмети, а останале нерешени 12.635 предмети. Во 2008 година совладан е годишниот прилив на предмети а заостатокот од 2007 година е намален за 2.533 предмети.

Во **Основниот суд Крива Паланка** во 2008 година судот во работа имало вкупно 5.613 предмети, од кои 939 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 4.674 предмети се новопримени. Од вкупниот број во работа, судот решил 4.727 предмети, а останале нерешени 886 предмети. Во 2008 година е совладан годишниот прилив на предмети.

**Основниот суд Кратово** во извештајната 2008 година во работа имал вкупно 3.471 предмет, од кои 978 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 2.493 предмети се новопримени. Од вкупниот број во работа судот решил 2.508 предмети, а останале нерешени 963 предмети. Според тоа овој суд успеал да го совлада приливот.

Во **Основниот суд Гевгелија** во 2008 година во работа имало вкупно 32.115 предмети, од кои 22.274 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 9.841 предмети се новопримени. Од вкупниот број во работа судот решил 27.241 предмет, а останале нерешени 4.874 предмети. Во 2008 година совладан е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2007 година е намален за 5.673 предмети.

Во **Апелациониот суд Битола** во почетокот на 2008 година, пренесени се вкупно 997 предмети како нерешени предмети од предходната година. Во 2008 година по сите видови предмети новопримени се 9.281 предмети или вкупно во работа имало 10.278 предмети. Во 2008 година решени се вкупно 8.867 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 1.411 предмети.

Во **Основен суд Битола** во 2008 година како нерешени од 2007 година се пренесени 54.704 предмети. Ново примени биле 28.236 предмети или вкупно во работа имало 82.940 предмети од кои 50.161 биле решини, а останале нерешени 32.779 предмети. Во 2008 година совладан е годишниот прилив на

предмети, а заостатокот од 2007 година е намален за 21.925 предмети.

Во **Основен суд Прилеп** во 2008 година како нерешени од 2007 година се пренесени 59.554 предмети, ново примени биле 40.660 предмети или вкупно во работа 100.214 предмети од кои 53.371 биле решени, а останале нерешени 46.843 предмети. Во 2008 година совладан е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2007 година е намален за 12.711 предмети.

Во **Основен суд Охрид** во 2008 година како нерешени од 2007 година се пренесени 35.930 предмети, новопримени биле 30.631 предмети или вкупно во работа 66.561 предмети од кои 44.181 биле решени, а останале нерешени 22.380 предмети. Во 2008 година совладан е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2007 година е намален за 13.550 предмети.

Во **Основен суд Струга** во 2008 година како нерешени од 2007 година се пренесени 11.900 предмети, новопримени биле 14.820 предмети или вкупно во работа 26.720 предмети од кои 17.823 биле решени, а останале нерешени 8.897 предмети. Во однос на 2007 година има намалување во решавањето на предметите, но и покрај тоа приливот е решен и има намалување на нерешените предмети на крајот на 2008 година за околу 2.000 предмети во однос на 2007 година.

Во **Основен суд Крушево** во 2008 година како нерешени од 2007 година се пренесени 3.808 предмети, новопримени биле 1.781 предмети или вкупно во работа 5.589 предмети од кои 2.556 биле решени, а останале нерешени 3.033 предмети. Во однос на 2007 година има намалување во решавањето на предметите, но и покрај тоа приливот е решен и има намалување на нерешените предмети на крајот на 2008 година за околу 800 предмети во однос на 2007 година.

Во **Основен суд Ресен** во 2008 година како нерешени од 2007 година се пренесени 2.257 предмети, новопримени биле 3.581 предмети или вкупно во работа 5.838 предмети од кои 4.176 биле решени, а останале нерешени 1.662 предмети. Во однос на 2007 година има намалување во решавањето на предметите, но и покрај тоа приливот е решен и има намалување

на нерешените предмети на крајот на 2008 година за околу 500 предмети во однос на 2007 година.

**Апелационен суд Гостивар** во текот на извештајниот период во работа имало вкупно 5288 предмети што претставува просек по 45,78 предмети по судија на ниво на месец. Во текот на 2008 година вкупно се примени 5.288 предмети, од нив нема ниеден нерешен предмет од претходната година, што значи вкупно во работа имало 5.288 предмети од кои 3.712 предмети се решени, а нерешени останале 1.576 предмети.

Во 2008 година, во **Основниот суд Гостивар** во работа имало вкупно 78.407 предмети од кои 45.048 предмети се пренесени како нерешени од претходниот извештаен период 2007 година, а новопримени предмети во текот на 2008 година се 33.359 предмети. Од вкупниот број во работа судот решил 42.354 предмети додека останале нерешени 36.053 предмети. Во 2008 година совладан е годишниот прилив на предмети и заостатокот од 2007 година е намален за 8.995 предмети.

Во 2008 година, во **Основниот суд Тетово** во работа имало вкупно 100.108 предмети од кои 62.090 предмети се пренесени како нерешени од претходната 2007 година и 38.018 предмети се новопримени, од кои во извештајниот период решение се 45.880 предмети, а останале нерешени 54.228 предмети. Во текот на извештајниот период решение се 45.880 предмети, а останале нерешени 54.228 предмети, што значи дека е совладан приливот на новопримените предмети.

Во 2008 година **Основниот суд Кичево** на работа имал вкупно 17.289 предмети од кои како нерешени од претходниот извештаен период пренесени се 3.947 предмети додека новопримени се 13.342 предмети, од кои во текот на извештајниот период вкупно се решени 15.267 предмети, додека останале нерешени 2.022 предмети. Во Основниот суд Кичево, совладан е приливот на предметите, ажурноста како и ефикасноста на судот е подобрена во однос на времетраењето при решавањето на предметите од сите области со цел за решавање во разумен рок.

Во текот на 2008 година **Основниот суд Дебар** имал вкупно во работа 9.462 предмети, и тоа пренесени како нерешени од претходната 2007 година 3.908 предмети како и новопримени 5.554 предмети од кои решени се 6.989 предмети а останале

нерешени 2.473 предмети. Во 2008 година е совладан годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2007 година е намален за 1.435 предмети.

**Апелациониот суд Штип** во извештајниот период вкупно предмети во работа имал 6.923, од кои ново примени предмети се 6.440 предмети, а како нерешени од претходната година се 483 предмети. Од вкупниот број предмети во работа во текот на 2008 година се решени 6.374 предмети, а нерешени останале 549 предмети, со што е совладан заостатокот на предмети.

Во **Основен суд Штип**, во 2008 година вкупно во работа имало 30.590 предмети, нерешени на почетокот на годината биле 12.544, ново примени предмети се 18.046. Од нив решени се 21.949, а нерешени на 31.12.2008 година останале 8.641 предмет. Во 2008 година совладан е годишниот прилив на предмети, а заостатокот од 2007 година е намален за 3.903 предмети.

Во **Основниот суд Берово,** по сите видови предмети на 31.12.2007 година биле нерешени вкупно 2.338 предмети. Примени во работа во текот на 2008 година се 4.438 предмети, значи вкупно во работа во 2008 година имало 6.776 предмети, од кои во текот на годината се решени 5.761 предмет. Нерешени на крајот на 2008 година заклучно со 31.12.2008 година се 1.015 предмети, со што останале во работа помалку 1.374 предмети од почетокот на извештајната година. Со тоа во 2008 година е совладан приливот и од заостатокот се решени 1.576 предмети.

Во **Основниот суд Виница** на почетокот на 2008 година имало вкупно нерешени 1.520 предмети, новопримени се 3.296 предмети. Во текот на годината вкупно во работа имало 4.816 предмети, од кои решени се 4.142 предмети, а останале нерешени 675 предмети, со што е совладан приливот, а заостатокот е намален за 845 предмети.

Во **Основниот суд Делчево** во текот на 2008 година се примени вкупно 4.288 предмети што во однос на 2007 година значи намалување за 1431 предмети. Се вкупно во 2008 година во работа имало 5.709 предмети од кои се решени 4.657 предмети од сите видови што во однос на 2007 година значи намалување за 2.213 предмети. На крајот на 2008 година останале нерешени 1052 предмети па во однос на 2007 година бројот на нерешените предмети е намален за 369 предмети.

Во **Основниот суд во Струмица** во текот на 2008 година се примени во работа 20.994 предмети. Како нерешените предмети од 2007 година се 14.497 предмети со што вкупно во работа биле 35.491 предмети. Во текот на 2008 година се решени вкупно 25.402 предмети, со што останале нерешени 10.089 предмети. Приливот е целосно совладан и се решени 4.408 предмети повеќе од примените предмети.

Во **Основниот суд Кочани** во текот на 2008 година на почетокот на годината имало вкупно нерешени 17.138 предмети, ново примени се вкупно 11.696 предмети. Во текот на годината вкупно во работа имало 28.834 предмети, од нив решени се 17.474 предмети, а останале нерешени 11.360 предмети. Со тоа е совладан приливот на предмети, а заостатокот е намален за 5.778 предмети.

Во **Основниот суд Радовиш** во 2008 година новопримени предмети се 9.697, а од претходната година како нерешени се 10.697 предмети. Во текот на 2008 година вкупно во работа имало 20.394 предмети, од кои се решени 16.824 предмети. На крајот на годината останале нерешени 3.570 предмети. Намалувањето на нерешени предмети е за 7.127 предмет со што е совладан годишниот прилив на предмети.

Во **Основниот суд Свети Николе** во почетокот на 2008 година, од претходната година останале нерешени 2817 предмети, новопримени се 4391 предмети или вкупно предмети во работа во 2008 година имало 7208 предмети. За разлика од претходната 2007 година, во 2008 година имало помал број на предмети во работа. Нерешени на крајот на годината останале 1283 предмети. Во овој суд приливот на нови предмети е совладан и од заостатокот се решени 1534 предмети.

**Основниот суд Неготино** извештајната година ја започна со 15.168 нерешени предмети од претходната година, во текот на 2008 година судот примал 5.466 предмети. Од вкупниот број предмети кои биле во работа во текот на 2008 година биле решени вкупно 7.999 предмети, а на крајот на годината останале како нерешени уште 12.635 предмети. Обемот на работа во 2008 година во однос на 2007 година се намалил за 4.812 предмети, со што е совладан приливот на предмети.

## ОЦЕНА ЗА СОСТОЈБАТА ВО СУДСТВОТО ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ОСНОВНИТЕ СЛОБОДИ

Република Македонија со стапување во полноправно членство во Советот на Европа има статутарна обврска да обезбеди остварување на владеење на правото и гарантирање на човековите права и слободи, која обврска е поврзана и со спроведување реформа по однос на домашното законодавство чија главна карактеристика е приближување на законодавството во Република Македонија со законодавството на Европската унија.

Заради реализација на овие активности Советот, посебно се залагаше за развој на меѓународната и регионалната соработка преку студиските посети на претседателот и членовите на Судскиот совет на РМ, заради воспоставување директна соработка и размена на искуства и компаративни согледувања со Судските совети во други држави, се со цел за остварување на европските стандарди во остварување на надлежноста, самостојноста и независноста на судскиот ситем.

Судскиот совет на Република Македонија заради остварување на оваа цел во своја организација изврши посета на: Судскиот совет на Република Словенија, Судскиот совет и Академијата за обука на судии и обвинители на Република Албанија, кои посети беа организирани и финансирани од Светската банка и Академијата за обука на судии и јавни обвинители на РМ. Како резултат на овие средби дојде до размена на искуства, а пред се во поглед на постапката, начинот на следењето и оценувањето на работата на судиите во овие држави, критериумите и методологијата на оценување, што како резултат придонесе за изготвување на Правилникот за следење и оценување на работата на судиите. Судскиот совет со свои претставници присуствуваше и на Генералното собрание на Европската мрежа на Правосудството, финансиски потпомогнато од Владата на РМ. На ова Собрание беше разменето драгоцено искуство со многу европски држави, во делот на независноста на судството и судските реформи, заштитата на човековите права и основните слободи, односите помеѓу судската и извршната власт, улогата и структурата на Судските совети во другите држави.

Особено значајно за Судскиот совет на РМ на ова Собрание беше тоа што ја потпиша Пристапната декларација во која се вградени основните принципи за независност на судскиот систем и заштитата на основните човековите права и слободи, особено членот 6 од Европската конвенција за човекови права и фундаментални слободи, на кој се обврзуваат сите земји потписнички. Исто така председателот на Судскиот совет како состав на делегацијата на Република Македонија, учествуваше на 9-та интернационална Конференција на шефовите на Правосудството на државите во светот.

Заради спроведување на реформите во правосудството, а се со цел за инкорпорирање на европското законодавство во нашиот правен систем во текот на извештајната година претседателот на Судскиот совет оствари голем број средби со претставници на меѓународната заедница.

Судската независност е услов за владеење на правото и гарант за остварување на правата и слободите на граѓаните. Само независно судство може да даде сигурност дека извршната власт ќе биде одговорна за своите дејствија, а во однос на законодавната власт дека донесените закони ќе се спроведуваат.

Судскиот совет на Република Македонија е самостоен и независен орган на судството кој ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите. Тој будно ги следи состојбите во судството во однос на непристрасно применување на правото, заштитата, почитувањето и унапредувањето на човековите права и слободи, обезбедувањето еднаквост, рамноправност, недискриминација по кој било основ и обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото, што е цел на судската власт.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Васил Грчев**